Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 31 од Колективниот Договор на ЈП „Водовод“ - Охрид, а согласно Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП „Водовод“ - Охрид и Согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид со арх.бр. 09-15902/2 од 27.10.2023 година, В.Д. Директорот на ЈП „Водовод“ - Охрид објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП „Водовод“ - Охрид
за следното работно место

1. **Работоводител на оддел за водомерна работилница КДР0305Б02109 (1) извршител(и)**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 04-2484/1
15. 11. 2023 год.
ОХРИД

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование;
- најмалку две години работно искуство.

**Потребни работни компетенции**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон странките/засегнати страни.

Распоред на работно време

- Работни денови понеделник - петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:00 до 15:00
- Опис за работното време работа во една смена

Паричен нето износ на плата: 22.466,00 денари

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2023 година се: Македонец/ка (1)

**Рок за пријава:**

Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници. Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП „Водовод" - Охрид. Пријавите да се достават лично или преку пошта во архивата на Ј.П. Водовод Охрид, на ул.Наум Охридски б.б. Охрид.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да доставaт:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. Доказ за општа здравствена состојба
5. Доказ за работно искуство

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 – Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги

**Охрид,**
**15.11.2023г.**

**ЈП „Водовод" - Охрид**
**в.д. Директор Марјан Ристески**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД